Australian Government

# Краток преглед на одговорот на австралиската влада до Кралската комисија за попреченост

Macedonian | Македонски

**Јули 2024 г.**

**Известување за авторски права**

Овој документ, *Одговор на австралиската влада до Кралската комисија за попреченост*, е лиценциран според Creative Commons Attribution 4.0 International Licence

URL на лиценцата: https://creativecommons.org/licenses/by/4.0/legalcode

Ве молиме припишете на: © Commonwealth of Australia (Department of Social Services) 2024

**Известување:**

- Ако користите извадоци од овој документ, Одделот за социјални услуги (Department of Social Services) бара вашиот текст да биде придружен со следното известување: Based on Commonwealth of Australia (Department of Social Services) data (Врз основа на податоци од Комонвелтот на Австралија (Оддел за социјални услуги)).
- Добредојдени се прашања во врска со оваа лиценца или каква било друга употреба на овој документ. Ве молиме контактирајте го: Branch Manager, Communication Services Branch, Department of Social Services. Телефон: 1300 653 227. Имејл: communication@dss.gov.au

**Известување за идентификување на други материјали или права во оваа публикација:**

- Грбот на Комонвелтот на Австралија - не е лиценциран според Creative Commons, видете на https://www.pmc.gov.au/honours-and-symbols/commonwealth-coat-arms
- Одредени слики и фотографии (како што се означени) – не се лиценцирани според Creative Commons.

# Содржина

Служби за поддршка 1

Предговор 3

Краток преглед на одговорите 6

Консултации и соработка за информирање на одговорот на австралиската влада 8

Изјава за начелата на австралиската влада за реформа на системот за заштита на лицата со попреченост 11

Преглед на инвестиции и мерки 13

Ставови во одговор на препораките 23

# Признание на земјата

Австралиската влада им оддава признание на традиционалните сопственици на Земјата низ цела Австралија на која се собираме, живееме и работиме. Им оддаваме признание на сите традиционални чувари, нивните старешини, минати, сегашни и идни, и ја изразуваме нашата почит за нивната континуирана поврзаност со нивната култура, заедница, земја, море и вода.

# Предупредување за содржината

Оваа публикација содржи информации за насилство, злоупотреба, запоставување и експлоатација што може да ги вознемири читателите.

# Служби за поддршка

**National Disability Abuse and Neglect Hotline: 1800 880 052**

National Disability Abuse and Neglect Hotline (Национална дежурна телефонска линија за злоупотреба и запоставување на лица со попреченост) е бесплатна, независна и доверлива услуга за пријавување на злоупотреба и запоставување на лица со попреченост. Вработените од дежурната линија работат со повикувачите за да се изнајдат начини за справување со пријави за злоупотреба или запоставување преку упатување, информации и поддршка.

**1800RESPECT: Телефонски повик на 1800 737 732, Текстуална порака на 0458 737 732**

1800 RESPECT е национална служба на Австралија за советување, информации и поддршка за сите погодени од домашно, семејно и сексуално насилство. Достапна е 24 часа во денот, 7 дена во неделата.

**Disability Advocacy Support Helpline: 1800 643 787**

Disability Advocacy Support Helpline (the Helpline) (Телефонска линија за помош при застапување на лица со попречeнеост) е пилот-иницијатива која беше најавена како дел од *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2023 г. (Australia's Disability Strategy 2021–2031)*, намената за подобрување на пристапот до индивидуална поддршка за застапување. Оваа телефонска услуга ја доставува Advocacy Law Alliance и до неа може да се пристапи преку Disability Gateway (Портал за лица со попреченост). Услугата е бесплатна за лица со попреченост, нивните

семејства и негуватели, на кои им е потребна краткорочна индивидуална поддршка за застапување.

**Disability Advocacy Finder:**

National Disability Advocacy Program (Национална програма за застапување на лица со попреченост) им овозможува на лицата со попреченост пристап до ефективна поддршка за застапување. Одделот за социјални услуги финансира 59 организации за застапување низ Австралија за да ги заштитат и промовираат правата на лицата со попреченост. Службите може да се најдат преку Disability Advocacy Finder (Пребарувач на служби за застапување на лица со попреченост) на веб-страницата Ask Izzy: https://askizzy.org.au/disability-advocacy-finder.

**Lifeline Crisis Support: Телефонирајте на 13 11 14, Текстуална порака на 0477 13 11 14**

Lifeline е национална добротворна организација која обезбедува пристап до 24-часовна поддршка при криза и услуги за спречување на самоубиства за сите Австралијци кои доживуваат емоционална вознемиреност.

**Beyond Blue Support Service: 1300 224 636**

Beyond Blue е организација која нуди бесплатна помош онлајн и на телефон на лица со депресија, вознемиреност или други проблеми со менталното здравје. Можете да разговарате со стручни лица квалификувани за ментално здравје кои можат да ви понудат поддршка и совети. Beyond Blue може исто така да ви помогне да најдете служби за ментално здравје во ваша близина.

# Предговор

Задоволство ни е да ви го претставиме Краткиот преглед на одговорот на австралиската влада на извештајот на Кралската комисија од истрагата за насилство, злоупотреба, запоставување и експлоатација на лица со попреченост (Кралска комисија за попреченост). Можете да пристапите до целиот одговор на www.dss.gov.au/DRC-Aus-Gov-Response.

Кралската комисија за попреченост беше најголемата истрага во Австралија за искуствата на лицата со попреченост. Во истрагата беше нагласено дека лицата со попреченост се изложени на повреди, исклучување и дискриминација во значително поголема мера од лицата без попреченост.

> **Како нација, мораме да бидеме подобри. Мора да работиме заедно за да обезбедиме сите Австралијци да можат да учествуваат како рамноправни членови на општеството, без разлика на попреченост, пол, возраст, раса, култура, религија или сексуална ориентација.**

Завршниот извештај на Кралската комисија за попреченост вклучува 222 препораки и поставува визија за инклузивна Австралија каде што лицата со попреченост ќе живеат без да бидат повредени; каде што се заштитени човековите права; и таму каде што поединците ќе живеат со достоинство, еднаквост и почит, ќе можат да преземаат ризици и да го развиваат и реализираат својот потенцијал. **Австралиската влада ја поддржува оваа визија.**

Австралиската влада презема главна или заедничка одговорност за 172 препораки. Во овој првичен одговор, ние:

- прифаќаме или во принцип прифаќаме 130 препораки,
- разгледуваме 36 дополнителни препораки и
- забележуваме 6 препораки.

Неколку препораки кои се однесуваат на тековни или неодамна завршени истраги или преговори бараат дополнително разгледување во консултации со лицата со попреченост, владите на државите и териториите и другите засегнати странки. Ќе продолжиме да објавуваме одговори на преостанатите препораки додека не се заврши оваа работа.

**Им благодариме на речиси 10.000 лица со попреченост,** нивните семејства, пријатели, претставници и негуватели кои ги споделија своите искуства и идеи со Кралската комисија. Исто така им благодариме на членовите и персоналот на Кралската комисија за нивната важна работа и на сите оние кои придонесоа во процесот на консултации и соработка со австралиската влада при подготовка на одговорите и реформата. Овие

придонеси веќе направија разлика и ќе продолжат да придонесуваат кон националните промени кои ќе водат кон безбедна, инклузивна и достапна Австралија.

**Слушнавме што е најважно за лицата со попреченост, па во првата фаза од реформите и спроведувањето на активностите ќе се фокусираме на:**

- **Безбедност:** Развивање цели за намалување и отстранување на рестриктивните практики; изедначување на системи за квалитет и заштита; обезбедување дека луѓето со попреченост имаат пристап до доследни програми за посетители во заедницата како заштитен механизам; подобрување на безбедноста на жените и девојчињата со попреченост; и продолжување на работата на Националната телефонска линија за помош при злоупотреба и запоставување на лица со попреченост.

- **Права и анти-дискриминација:** Воспоставување на нова програма за застапување на лицата со попреченост за подобро да им се помогне да ги заштитат и бранат нивните права; отпочнување на преглед и ажурирање на *Законот за дискриминација на лица со попреченост од 1992 г. (Disability Discrimination Act 1992)*; менување на здравствените барања за доселување (миграција) за да бидат поправедни и поинклузивни за децата со попреченост; и дополнително разгледување на Законот за правата на лицата со попреченост (Disability Rights Act) препорачан од Кралската комисија, заедно со завршниот извештај на Заедничката комисија во Парламентот за истрага на човековите права во Рамката за човекови права во Австралија.

- **Вклучување и пристап:** Преглед на *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2023 г. (Disability Strategy 2021-2031)*; подобрување на националните пристапи за достапни информации и комуникации, вклучувајќи го и австралискиот знаковен јазик (Auslan); консултации на Форумот за лица со попреченост на Првите народи или друг соодветен заеднички механизам за донесување одлуки; продолжување на Програмата за подобрување на примарната здравствена заштита за лицата со интелектуална попреченост (Primary Care Enhancement Program for People with Intellectual Disability); работа со владите на државите и териториите за подобрување на резултатите за учениците со попреченост; и поддршка на локалните заедници во нивните напори да се намали стигмата (срамот) и да се подобрат ставовите на заедницата кон лицата со попреченост.

- **Вработување:** Спроведување на нова специјализирана програма за вработување на лица со попреченост за да им се помогне на повеќе лица со попреченост да се подготват, да најдат и задржат соодветна работа; формирање на Центар за вработување на лица со попреченост за извонредност (Disability Employment Centre

for Excellence) за да се подобрат способностите на давателите на услуги за вработување за да можат да даваат висококвалитетни и ефикасни услуги; и континуирана соработка со лицата со попреченост, нивните семејства, претставници, застапници и даватели на услуги за унапредување на секторот за поддржано вработување.

Овие мерки се надоврзуваат на нашата досегашна работа идентификувана во Извештајот на австралиската влада за напредок во работата на Кралската комисија за попреченост (Australian Government Progress Update on the Disability Royal Commission) и вложувањето инвестиции за да ја вратиме Националната програма за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Scheme - NDIS) на правиот пат, да воспоставиме дополнителна основна поддршка, да ги подобриме резултатите во рамките на *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2031 г.*, да ги подобриме пристапите за вклучување и пристап за лицата со попреченост во јавни средини и да ги подобриме податоците и истражувањата преку Националната датотека за лица со попреченост (National Disability Data Asset) и Националното партнерство за истражување во областа на попреченоста (National Disability Research Partnership).

Со нетрпение очекуваме да продолжиме да работиме во партнерство со заедницата на лицата со попреченост за да спроведеме значајни промени за да ја зајакнеме нашата заедничка визија за инклузивна Австралија.

**Почесната Amanda Rishworth, Пратеник**

Министер за социјални услуги

# Краток преглед на одговорите

Австралиската влада:

- презема главна или заедничка одговорност за **172 препораки**
- прифаќа или во принцип прифаќа **130 препораки**
- разгледува уште **36 препораки** и
- забележува **6 препораки**.

Надоврзувајќи се на постојното финансирање и обврските за поддршка на безбедна, инклузивна и достапна Австралија за лицата со попреченост, австралиската влада издвојува значителни инвестиции за првата фаза во нејзионот одговор на Кралската комисија за лица со попреченост, вклучувајќи:

39,7 милиони долари за воспоставување нова програма за застапување на лица со попреченост

6,9 милиони долари за преглед и ажурирање на Законот за дискриминација на лица со попреченост

23,3 милиони долари за формирање на Центар за вработување на лица со попреченост за извонредност

1,2 милиони долари за развој на цели за намалување и отстранување на рестриктивните практики

4,4 милиони долари за конзистентни пристапи кон програмите за посетители во заедницата како заштитен механизам

15,6 милиони долари за изедначување на националните регулативи за квалитет и заштита на лицата со попреченост

12,3 милиони долари за подобрување на националните пристапи кон достапни информации и комуникации, вклучувајќи и на австралискиот знаковен јазик - Auslan

12,1 милиони долари за промена на Здравствените барања за доселување (Migration Health Requirement) за да бидат поправедни и поинклузивни за децата со попреченост

227,6 милиони долари за спроведување на нова специјализирана програма за

2,6 милиони долари за продолжување на работата на Националната дежурна телефонска линија за

2 милиони долари за подобрување на безбедноста на жените и девојчињата со попреченост

вработување на лица со попреченост

3,7 милиони долари за продолжување на Програмата за подобрување на примарната здравствена нега за лицата со интелектуална попреченост (Primary Care Enhancement Program for People with Intellectual Disability)

помош при злоупотреба и запоставување на лица со попреченост и Службата за решавање по жалби и упатување (Complaints Resolution and Referral Service)

19,6 милиони долари за поддршка на локалните заедници во нивните напори за подобрување на ставовите на заедницата кон лицата со попреченост

Ова е во дополнение на значителните инвестиции со последните три буџети, во вкупна вредност од **повеќе од 3 милијарди долари за да се изгради поинклузивна Австралија**. Ова вклучува значителни инвестиции и мерки за враќање на Националната програма за осигурување на лица со попреченост (NDIS) на прав пат, 57 милиони долари во Буџетот за 2023-2024 г. за развој на секторот за поддржано вработување, 68,3 милиони долари во октомврискиот Буџет за 2022-2023 г. за анализа, истражување и доставување на Националната датотека за лица со попреченост и донесување на *Законот за услуги и вклучување на лицата со попреченост од 2023 г. (Disability Services and Inclusion Act 2023)* за да се подобрат квалитетот и заштитните мерки за лицата со попреченост надвор од NDIS.

# Консултации и соработка за информирање на одговорот на австралиската влада

Австралиската влада, на министерско ниво и преку Работната група на Кралската комисија на Комонвелтот за попреченост (Работна група), се консултираше и соработуваше со лица со попреченост, нивните семејства, негуватели, организации кои ги претставуваат, даватели на услуги, синдикати и пошироката заедница за да информираат за донесување одлуки за реформи како одговор на Завршниот извештај и препораките на Кралската комисија за попреченост.

## Со кого се консултиравме

Сите беа поканети да го кажат своето мислење и да ги изнесат своите ставови за препораките на Кралската комисија за попреченост. Беа вклучени:

- лица со попреченост, нивните семејства и негуватели,
- застапници и организации што ги претставуваат,
- даватели на поддршка за лица со попреченост, синдикати и работници, и
- врвни тела, академици и други организации.

Австралиската влада, исто така, им се заблагодарува на Организациите кои ги претставуваат лицата со попреченост (Disability Representative Organisations), врвните тела и другите организации кои независно ангажираа и се консултираа со значителен број на членови во рамките на нивните мрежи и ги изнесоа своите ставови пред Работната група. Овие напори ни овозможија пошироко да допреме до заедницата, да слушнеме повеќе гласови и подобро да разбереме што им е важно.

## Како се консултиравме

Соработката со Организациите кои ги претставуваат лицата со попреченост и врвните тела започна преку постоечките консултативни форуми за да се идентификуваат и разберат нијансите во нивните ставови за препораките и да се добијат мислења за пристапот кон консултирање. Претставниците на Работната група, исто така, се зафатија со опсежно следење и анализа на јавните поднесоци, коментари и форуми за Кралската комисија за попреченост и присуствуваа на бројни форуми со засегнатите странки од секторот за попреченост за подобро да го разберат нивниот одговор на препораките на Кралската комисија за попреченост. Слушнавме мислења од различни советодавни одбори, вклучувајќи го Австралискиот советодавен одбор за попреченост (Disability Advisory Council), како и од голем број на консултативни и меѓујурисдикциски форуми.

Владата, исто така, соработуваше со засегнатите странки и заедницата преку комбинација на тркалезни маси на високо ниво, форуми, работилници и индивидуални состаноци.

Страницата „DSS Engage“ (Соработка со DSS) на веб-страницата на DSS беше основниот механизам на Работната група за ангажирање со јавноста. Таа стана оперативна набргу по објавувањето на завршниот извештај на Кралската комисија за попреченост и беше активна во текот на целото времетраење на консултациите. Заинтересираните членови на јавноста беа поканети да се пријават за добивање на новости на страницата „DSS Engage“ за да бидат информирани за активностите за консултации со засегнатите странки.

### Јавна консултација

Јавната консултација започна на 28 ноември 2023 г. со прашалник и процес на поднесување на одговорите онлајн. Прашалникот беше отворен за сите. Од испитаниците беше побарано да изберат најмногу три препораки кои им беа најважни и најмногу три препораки што не ги поддржуваа. Беа достапни празни полиња за текст каде што можеа да внесат повеќе информации. Испитаниците исто така имаа можност да доставаат и писмен поднесок како дел од консултациите.

Јавната консултација заврши на 19 јануари 2024 г. Беа добиени 335 одговори на прашалникот и 118 писмени поднесоци од широк опсег на луѓе и организации.

Сите одговори на прашалникот и писмените поднесоци беа анализирани и внесени во анонимен извештај во кој во главни црти се опишани главните теми на одговорите. Извештајот е достапен на www.engage.dss.gov.au/drcausgovresponse/public-consultation-report.

## Што слушнавме

Јавната консултација покажа високо ниво на општа поддршка за препораките на Кралската комисија за попреченост. Испитаниците изразија оптимизам за можноста препораките на Кралската комисија да имаат позитивно влијание врз животот на лицата со попреченост. Многу засегнати странки, исто така, побараа лицата со попреченост да учествуваат во спроведувањето на препораките. Додека многу препораки добија голема поддршка, други предизвикаа несогласувања, особено оние кои се однесуваат на специјалното/одвоеното образование, вработување и домување. Јасно е дека членовите на заедницата, како и членовите на Кралската комисија за попреченост, имаат различни ставови за иднината во овие области. Сите засегнати странки се согласуваат дека од суштинско значење е да се подобри пристапноста и вклученоста на лицата со попреченост во редовните форми на образование, вработување и домување.

## Соработка со владите на државите и териториите

На 3 ноември 2023 г., Министерскиот совет за реформи на системот за заштита на лицата со попреченост (Disability Reform Ministerial Council) - кој вклучува министри од владите на Комонвелтот, државите и териториите одговорни за начелата и услугите за лица со

попреченост - се обврза да работи заеднички за унапредување на реформите потребни за да се направи Австралија безбедна и инклузивна за сите лица со попреченост и констатира дека за решавање на прашањата што ги истакна Кралската комисија за попреченост потребни се национални напори, вклучувајќи ги сите влади и сите делови од нашата заедница.

Заедничкиот одговор на австралиската влада и владите на државите и териториите на Кралската комисија за попреченост е достапен на веб-страницата на Одделот за социјални услуги на http://www.dss.gov.au/DRC-Joint-Response. Тој покажува сериозен приод за соработка за спроведување на национално координирани промени како одговор на Кралската комисија за попреченост.

# Изјава за начелата на австралиската влада за реформа на системот за заштита на лицата со попреченост

Австралиската влада се обврзува да вложи напори на национално ниво и да соработува во партнерство со заедницата на лицата со попреченост за да ги спроведе потребните реформи за да направи Австралија да биде поинклузивна, подостапна и побезбедна.

Завршниот извештај на Кралската комисија за попреченост содржи опсежни препораки. Во одговорот се дава приоритет на инвестиции во мерки кои ќе обезбедат подобра заштита, ќе промовираат вклученост и пристапност и ќе ги поддржуваат човековите права, притоа препознавајќи ги уникатните перспективи и искуства на лицата со попреченост од Првите народи. Програмата за реформи ќе се одвива во текот на неколку години и ќе биде координирана со пошироки реформи на екосистемот на попреченост - како и големи системски реформи во здравството, образованието и домувањето - бидејќи тоа ќе го поддржува постојаното учество на лицата со попреченост и ќе овозможи трајни промени.

Спроведувањето и вклучувањето на нашата заедничка визија за инклузивна Австралија бара постојан национален напор.

Следуваат **клучните принципи** кои ќе го обликуваат и помогнат понатамошниот развој и спороведување на агендата на австралиската влада за реформи на системот за заштита на лица со попреченост како одговор на Кралската комисија за попреченост.

Австралиската влада се обврзува да спроведува политика и доставува услуги кои ќе ја остварат визијата на Кралската комисија за попреченост за австралиска заедница:

- во која лицата со попреченост ќе живеат без насилство, злоупотреба, запоставување и експлоатација,
- каде што се заштитени човековите права и
- во која поединците ќе живеат со достоинство, еднаквост и почит, и ќе можат да го остварат својот потенцијал.

Ова вклучува иднина во која лицата со и без попреченост:

- ќе живеат, учат, работат, играат, создаваат и ќе се ангажираат заедно во безбедни и различни заедници,
- ќе имаат моќ да избираат, да бидат самостојни и со достоинство да преземаат ризици,

- ќе даваат значаен придонес за заедниците кои го ценат нивното присуство и ги третираат со почит и
- ќе бидат културно безбедни и ќе припаѓаат на семејства, заедници и мрежи на сродни лица.

Австралиската влада се обврзува да ги зајакне заштитните мерки, независниот надзор и механизмите за жалби кои ќе помогнат во намалувањето на неприфатливите нивоа на насилство, злоупотреба и запоставување што ги доживуваат лицата со попреченост. Во многу случаи за ова ќе биде потребна соработка со владите на државите и териториите за да се подобрат системите на заштита и услуги на национално ниво.

Австралиската влада се обврзува да ги слуша гласовите на лицата со попреченост и да работи во партнерство со заедницата на лицата со попреченост на дизајнирање, спроведување и оценување на начела и програми кои промовираат реформи за поголема вклученост, пристапност и безбедност на лицата со попреченост во Австралија.

Австралиската влада се обврзува да ги препознава и одговара на меѓусекторските и различните потреби на лицата со попреченост, вклучувајќи ги жените и децаат; лицата од Првите народи; лицата од различно културно и јазично потекло; лицата од LGBTIQA+ заедницата и постарите Австралијци. Австралиската влада се обврзува да ги поддржува човековите права на лицата со попреченост и да им овозможи да живеат во рамноправност со достоинство и почит.

Австралиската влада се обврзува да ги зголеми капацитетите на австралиските јавни служби за да можат да доставуваат услуги кои се културно безбедни, информирани за трауми, инклузивни и достапни. Австралиската влада се обврзува да промовира поинклузивно општество каде што лицата со попреченост ќе чувствуваат дека припаѓаат, ќе бидат почитувани, ценети и способни целосно да придонесуваат. *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2031 г.* продолжува да биде главниот механизам на националното начело за поттикнување на неопходните реформи на национално ниво.

# Преглед на инвестиции и мерки

## Безбедност

Централно место во првичниот одговор на Австралиската влада до Кралската комисија за попреченост заземаат приоритетните активности за подобрување на квалитетот на услугите за лицата со попреченост, зајакнување на заштитните мерки во заедницата и подобро спречување на насилството, злоупотребата, запоставувањето и експлоатацијата.

- 15,6 милиони долари за воспоставување на **Рамка за квалитет и заштита (Quality and Safeguarding Framework) и Стратегија за заштита на екосистемот за поддршка на лицата со попреченост (Disability Support Ecosystem Safeguarding Strategy)** за да се изедначат квалитетот и мерките за заштита на лицата со попреченост низ Австралија.
- 4,4 милиони долари за да се осигура дека лицата со попреченост имаат пристап до конзистентни **програми за посетители во заедницата** како механизам за заштита.
- 2,6 милиони долари за продолжување на работата на **Националната дежурна телефонска линија за помош при злоупотреба и занемарување на лица со попреченост** и **на Службата за решавање жалби и упатување**.
- 1,2 милиони долари за пристап на целата влада за **намалување и отстранување на рестриктивните практики** преку поставување цели и показатели за успешност во рамките на NDIS и развивање заеднички план за акција со државите и териториите.
- Почетен дизајн на **Модел на профил на ризик (Risk Profile Model)** за подобро да се идентификуваат корисниците на NDIS кои можат да бидат изложени на ризик од повреда и да се поддржат сеопфатни индивидуализирани стратегии за одговор.
- Половина милион долари за користење на перспективата за попреченост во **Првиот план за акција (First Action Plan)** од ***Националниот план за отстранување на насилството врз жените и децата 2022-2032 г. (National Plan to End Violence Against Women and Children 2022-2032)*** за да се идентификува како секоја акција од Планот за акција ќе ги задоволи потребите на жените и девојчињата со попреченост.
- Четврт милиони долари за да се осигура дека **Материјалите за упатства (Guidance Materials) за Службите во првата линија против семејно, домашно и сексуално**

**насилство (Family Domestic and Sexual Violence front line services)** се достапни за жените и девојчињата со попреченост во Австралија.

- 1,25 милиони долари за проширување на **Проектот за побезбедни девојчиња и побезбедни жени (Safer Girls Safer Women Project)** за поддршка на жени, девојчиња и родово различни лица со попреченост преку воведување на **насоки за најдобри практики, како и материјали и алатки за учење на работните места** за сексуално здравје, односи со почитување и подучување за согласност.

Оваа иницијатива се надоврзува на веќе постојната работа и инвестиции за подобрување на квалитетот и заштитата на лицата со попреченост, вклучувајќи:

- 160,7 милиони долари во Буџетот за 2024-2025 г. за преобразување на капацитетот на Комисијата за квалитет и мерки за заштита на NDIS (NDIS Quality and Safeguards Commission) да се заштитат лицата со попреченост од злоупотреба, насилство и запоставување и да се открие и спречи измама преку **Програмата за трансформација на податоци и регулативи (Data and Regulatory Transformation Program)**.
- 142,6 милиони долари преку Буџетот за 2023-24 г. за поддршка на **Комисијата за квалитет и мерки за заштита на NDIS во заштитата на корисниците на NDIS**.
- Основање на **Работна група на NDIS за евидентирање на даватели на услуги и работници (NDIS Provider and Worker Registration Taskforce)** за да дава совети за дизајнот и спроведувањето на новиот регулаторен модел со нивоа, пропорционален на ризикот, предложен во завршниот извештај за Прегледот на NDIS (NDIS Review).
- Објавување на новото **Начело за мерки за заштита на корисниците (Participant Safeguarding Policy) и План за спроведување (Implementation Plan)** на Националната агенција за осигурување на лица со попреченост (NDIA) во април 2023 г.

## Права и анти-дискриминација

Австралиската влада го поздравува пристапот, кој е заснован на права, на Кралската комисија за попреченост во нејзината истрага и препораките и се обврзува да ги подобри правата на лицата со попреченост преку континуирана реформа на закони и начела, како и да ги подобри програмите на терен кои им помагаат на луѓето со попреченост да ги бранат и штитат своите права.

- 6,9 милиони долари за **реформа на Законот за дискриминација на лицата со попреченост** за да се разгледа *Законот за дискриминација на лицата со*

*попреченост од 1992 г. (Disability Discrimination Act 1992)* во консултации со лицата со попреченост.

- 39,7 милиони долари дополнително финансирање за воспоставување на **нова програма за застапување за поединци со попреченост**. Новата програма ќе ги консолидира тековните услуги за да се воспостави рационализиран и усогласен модел за обезбедување постојана поддршка во застапувањето на поединци со попреченост. Ова ќе обезбеди подобри резултати за поединците со попреченост кои се изложени на голем ризик од повреда, со решавање на незадоволената побарувачка и обезбедување подобар капацитет за поддршка за најранливите групи. Ова ќе ја земе предвид и ќе се усогласи со работата што веќе е во тек во рамките на Националната рамка за застапување на лица со попреченост (National Disability Advocacy Framework).
- 12,1 милиони долари за **промена на Здравствените барања за доселување** за да бидат поправедни за децата со попреченост кои се родени и живеат во Австралија.

Овие мерки се во согласност со тековната заложба на Владата за спроведување на *Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (Convention on the Rights of Persons with Disabilities)* на Обединетите нации и се надоврзува на работата што веќе е во тек за подобрување на правата на лицата со попреченост, вклучувајќи:

- Донесување на ***Законот за услуги и вклучување на лицата со попреченост од 2023 г.*** за зајакнување на регулативите за квалитет и заштита за лицата со попреченост надвор од NDIS. Законот беше подготвен преку опсежни консултации со лицата со попреченост и има за цел да ги вклучи принципите за човекови права.
- Подготвување на нова **Меѓународна стратегија за еднаквост и права на лицата со попреченост (International Disability Equity and Rights Strategy)** за да се осигура дека Австралија продолжува да биде силен и доследен глобален лидер во промовирањето на еднаквоста и човековите права за лицата со попреченост.
- **Заедничка парламентарна комисија за истрага на човековите права во австралиската рамка за човекови права (Parliamentary Joint Committee on Human Rights Inquiry into Australia's Human Rights Framework):** Во март 2023 г., врховниот обвинител, почесниот пратеник Mark Dreyfus KC, ја поднесе Австралиската рамка за човекови права до Заедничката парламентарна комисија за човекови права. На 30 мај 2024 г., Заедничката парламентарна комисија за човекови права го поднесе својот извештај за истрагата. Извештајот содржи 17 препораки, вклучувајќи ја препораката Владата повторно да ја воспостави и значително да ја подобри Австралиската рамка за човекови права, да донесе Закон за човекови права и да ја зајакне улогата на Австралиската комисија за човекови права. Владата внимателно ги разгледува овие препораки заедно со препораките

на Кралската комисија за попреченост за да воведе Закон за правата на лицата со попреченост и Национална комисија за попреченост.

## Вклучување и пристап

За да се постигне инклузивно општество, системите и услугите мора да бидат универзално достапни и да одговараат на различните искуства, околности и потреби на сите лица со попреченост. Во првичниот одговор до Кралската комисија за попреченост, австралиската влада инвестира во низа иницијативи за подобра поддршка за вклучување и пристап, препознавајќи ги различните и меѓусекторски искуства на лицата со попреченост и нивните негуватели во сите фази од животот. Овие иницијативи вклучуваат:

- Консултации со владите на државите и териториите, во партнерство со луѓето од Првите народи, за формирање **Форум за лицата со попреченост од Првите народи (First Nations Disability Forum)** или на друг соодветен заеднички механизам за донесување одлуки за меѓусекторскиот исход во однос на попреченоста како дел од Националниот договор за затворање на јазот (National Agreement on Closing the Gap).
- Преглед на ***Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2031 г.*** во 2024 година за да се осигура дека е зајакната како клучен двигател на националните промени како одговор на Кралската комисија за попреченост, во соработка со владите на териториите на државите, Здружението на австралиските локални власти (Australian Local Government Association), Советодавниот одбор на Австралиската стратегија за лица со попреченост (Australia's Disability Strategy Advisory Council) и лицата со попреченост, нивните семејства и организациите кои ги претставуваат.
- 12,3 милиони долари за **национален пристап кон достапни информации и комуникација за лицата со попреченост**, вклучително и развој на Придружен план (Associated Plan) во рамките на *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2031 г.* за градење капацитети во австралиските јавни служби за интегрирање на пристапноста во креирањето и спроведување на владините начела, програми и услуги и во секојдневната соработка со заедницата.
- 3,7 милиони долари за продолжување на **Програмата за подобрување на примарната здравствена заштита за лица со интелектуална попреченост** за да се поддржи пристапот на лицата со интелектуална попреченост до здравствени услуги.

- 19,6 милиони долари за **подобрување на подготвеноста и способностите на клучните стручни лица да им излезат во пресрет на лицата со попреченост** и за поддршка **на локалните заедници во нивните напори за подобрување на ставовите на заедницата** и разбирањето на попреченоста.
- Работа со владите на државите и териториите во партнерство со лицата со попреченост за да им се помогне на едукаторите, училиштата и школските системи да овозможат поинклузивно образование за да се подобрат резултатите на учениците со попреченост.

Ова ги надополнува обемните постоечки заложби и напори за поддршка на инклузивно и достапно општество кое ги поддржува сите лица со попреченост, вклучувајќи лица со физичка, невролошка, невроразвојна, психосоцијална, сензорна, интелектуална и когнитивна попреченост. Нашата досегашна работа ги надминува препораките на Кралската комисија за попреченост, вклучувајќи:

- Со **Белата книга за авионски превоз** што наскоро ќе биде објавена, владата ќе спроведе низа мерки за да ги потврди правата на лицата со попреченост за пристап до авионски превоз, со цел да ги поедностави процедурите за патување и да обезбеди соодветни можности за добивање помош кога стандардите не се исполнети.
- **Националниот договор за затворање на јазот (Национален договор) и *Австралиската стратегија за лица со попреченост 2021-2031 г.*** се сеопфатните рамки на начелата во кои во главни црти се изложени очекувањата за трансформативни промени на сите нивоа на власта за лицата со попреченост од Првите народи. Попреченоста се препознава како меѓусекторски исход во рамките на Националниот договор. Двете рамки се обидуваат да вклучат пристап заснован на предности. **Планот за зајакнување на секторот за попреченост (Disability Sector Strengthening Plan - DSSP) и Националниот отпечаток за попреченост (National Disability Footprint)**, одобрени од Заедничкиот совет за затворање на јазот, го поддржуваат спроведувањето на втората приоритетна реформа според Националниот договор за развој на секторот за попреченост контролиран од заедницата.
- Во јануари 2024 г. беа најавени дополнителни инвестиции како одговор на **Прегледот на NDIS** за поддршка на пристапот до поддршка во и надвор од NDIS, вклучително и преку:
    - 11,6 милиони долари за поддршка на работата за подготвување на **Основна стратегија за поддршка (Foundational Supports Strategy)** и дизајнирање на дополнителна основна поддршка со државите, териториите и заедницата.

    - 118,1 милиони долари за **дизајнирање и консултирање за клучните препораки од Прегледот на NDIS,** вклучувајќи поправедни и подобри начини за пристап до буџетот на NDIS, подобрени опции за домување и живеење во рамките на NDIS, подобри начини за пристап и плаќање за поддршка и поддршка за деца на предучилишна возраст врз основа на најдобра практика.

- Објавување на **Стратегијата за раното детство (Early Years Strategy)**, со која се поставува визијата на Владата за постигнување на најдобра поддршка на австралиските деца и нивните семејства. Ова вклучува вреднување на сите форми на различност, како што е попреченоста, и обезбедување на правична, инклузивна и достапна поддршка и услуги. Стратегијата вклучува фокус на давање поголемо право на родителите, старателите и семејствата, што значи овозможување и поттикнување тие да имаат навремен пристап до поддршка за деца на предучилишна возраст, кога тоа е потребно, со цел да се препознаат и да се одговори на раните знаци на доцнење во развојот.

- Подготвување на **Национална стратегија за аутизам (National Autism Strategy)** која ќе ги подобри животните резултати за сите аутистични лица во Австралија. За прв пат, стратегијата ќе обезбеди координиран национален пристап кон услугите и поддршката за Австралијците со аутизам и нивните семејства.

- Во **образованието**, Австралиската влада издвојува приближно **3,7 милијарди долари** во 2024 г. за да им помогне на училиштата да спроведат разумни прилагодувања преку Стандардот за училишни ресурси (Schooling Resource Standard) за **учениците со попреченост за кои училиштата добиваат дополнителни средства (loading)**. Министерството за образование, исто така, ќе започне да работи на подготовка на националните системски реформи за промовирање на подостапно и поинклузивно образование, како и на подобрување на резултатите за учениците со попреченост. За да го надополни ова, Владата развива ресурси за да им помогне на учениците, родителите и негувателите да ги разберат нивните права, како и да им помогне на вработените во училиштата да ги разберат нивните одговорности. Владата, исто така, го поддржува професионалниот развој на училишниот персонал за да стекне вештини и разбирање за аутизмот преку **Програмата за позитивни партнерства (Positive Partnerships Program)** и обезбедува финансиски средства преку **Програмата за поддршка на лица со попреченост во високото образование (Higher Education Disability Support Program)** за да им помогне на универзитетите да ги поддржат студентите со попреченост.

- Скоро 2,65 милиони Австралијци се грижат за некој со попреченост, здравствена состојба, ментална болест или за постари Австралијци. Во октомври 2023 г., Владата објави дека ќе подготви **Национална стратегија за негуватели (National Carer Strategy)** за подобра поддршка на негувателите. Во Буџетот за 2024-2025 г., Владата најави 18,6 милиони долари за период од 5 години за воведување на поголема флексибилност за примателите на Исплата за негуватели (Carer Payment) за да се справат со нивната работа, студирање и одговорностите за нега.

## Вработување

Австралиската влада се обврзува да обезбеди Австралијците со попреченост на работоспособна возраст да имаат пристап до безбедна и инклузивна работа. За да се постигне ова потребна е трајна реформа на целиот екосистем за вработување на лицата со попреченост со цел да се зголеми нивното учество во работната сила, да се отстрани дискриминацијата на работното место и да се поттикне динамичен и инклузивен пазар на трудот.

Во текот на следните 4 години, Владата ќе одвои повеќе од **5,5 милијарди долари** за да им помогне на поголем број лица со попреченост да се подготват и да најдат соодветно вработување. Ова ги вклучува дополнителните инвестиции најавени во Буџетот за 2024-25 г., вклучувајќи:

- 227,6 милиони долари дополнителни финансиски средства за спроведување на **нова специјализирана програма за вработување на лица со попреченост** која ќе започне на 1 јули 2025 година. Новата програма ќе ја замени тековната програма на Службите за вработување на лица со попреченост (Disability Employment Services) и ќе им помогне на лицата со попреченост, повреда или болест да најдат и задржат одржлива работа преку обезбедување на висококвалитетни услуги приспособени за поединци.

- 23,3 милиони долари за формирање на **Центар за вработување на лица со попреченост за извонредност (Disability Employment Centre of Excellence)** за создавање на најдобри практики, информации засновани на докази за да им се помогне на давателите на услуги во обезбедувањето висококвалитетни, ефективни услуги за вработување и поддршка да ја зголемат вработеноста на лицата со попреченост.

Ова се надоврзува на постоечките мерки за подобрување на вработеноста на лицата со попреченост:

- Објавувањето на **Белиот документ за вработување (Employment White Paper)**, кој уследи по **Самитот за вработување и стекнување вештини (Jobs and Skills Summit)** во септември 2022 г., на кој се испитуваа опциите за постигнување целосна вработеност, зголемување на продуктивноста и еднакви можности. Во Белиот документ е изнесена визијата на Владата за динамичен и инклузивен пазар на трудот.

- По Самитот за вработување и стекнување вештини, Деловниот совет на Австралија (Business Council of Australia) и Австралиската мрежа за лица со попреченост (Australian Network on Disability) во партнерство со Комонвелтот и четири главни работодавци започнаа 18-месечен **Пилот-проект за насоки за кариера (Career Pathways Pilot)**. Пилот-проектот имаше за цел да го зголеми разбирањето на управата на сите нивоа за бариерите кон напредување во кариерата со кои може да се соочат вработените со попреченост и да се изнајдат стратегии за намалување на овие бариери. За пилот-проектот беа доделени вкупно 3,3 милиони долари финансиски средства од Комонвелтот.

- Друг резултат од Самитот за вработување и стекнување вештини беше доделувањето на 3,3 милиони долари во финансиски средства од Комонвелтот за спроведување на 12-месечен **Пилот-проект на локални „навигатори“ во туризмот (Tourism Local Navigators Pilot)**. Со пилот-проектот се тестираа нови начини за поврзување на лицата со попреченост кои бараат работа на значајни работни места во туризмот преку локални „навигатори“ од избрани организации, кои ќе добиваат поддршка, и кои ќе дејствуваат како врска помеѓу малите и средни туристички фирми и давателите на услуги за вработување заедно со лицата со попреченост. Локалните „навигатори“ помогнаа да се преобразат културата на работното место и практиките за вработување, како и да се зајакне довербата на работодавците во вработувањето на лица со попреченост.

- Во октомври 2023 г., Владата, исто така, ја започна **Иницијативата за вклучување на негувателите на работните места (Carer Inclusive Workplace Initiative)** за да обезбеди подобра поддршка за учествување на негувателите во работната сила.

- Дополнителни 57 милиони долари во Буџетот за 2023-2024 г. **за развој на секторот за поддржано вработување**. Службите за поддржано вработување го поддржуваат платеното вработување на лицата со попреченост. Тие имаат важна улога во поддршката на околу 16.000 лица со попреченост за да можат да придонесат и да се поврзат со нивната локална заедница преку вработување. Дополнителните финансиски средства ќе го зголемат капацитетот на секторот да им обезбеди на

лицата со попреченост, кои имаат голема потреба од поддршка, пристап до поголем избор на можности за вработување со соодветна насочена поддршка. Исто така, со тоа ќе се обезбеди пристап до поддршка и информации за застапување на лицата со попреченост и нивните семејства за да се изгради доверба и разбирање за правата и можностите на работа.

- На 20 март 2024 г., беше објавена освежената **Стратегија за вработување на корисниците 2024-2026 г. (Participant Employment Strategy 2024-26)** на NDIA за да се зголеми ефикасноста и ефективноста на поддршката на NDIS за вработување.

- 707 милиони долари за спроведување на нова **Програма за вработување и економски развој во оддалечените региони (Remote Jobs and Economic Development Program)**, во текот на втората половина на 2024 г., која ќе им понуди на лицата во оддалечените заедници вистински работни места со пристојни плати и услови. Програмата се подготвува во партнерство со луѓето од Првите народи и ќе бидат финансирани 3.000 работни места во текот на три години. Таа ќе ги поддржи оддалечените заедници да идентификуваат локални проекти и приоритети за вработување, за да ги зголемат економските можности во нивните области. Програмата ќе ги поддржи лицата со попреченост преку зајакнување на економијата за нега и поддршка во оддалечените региони.

- Во ноември 2022 г., Владата инвестираше 2 милиони долари за обука на лидери со попреченост низ Австралија преку **Програмата за лидерство со попреченост (Disability Leadership Program)**. Оваа пилот-програма беше понудена преку Австралискиот институт на директори на компании (Australian Institute of Company Directors) за да им овозможи на лицата кои живеат со попреченост да ги подобрат своите лидерски и виши менаџерски вештини за да започнат да работата на позиции во одборот на директори. За време на двегодишната пилот-програма, 208 лица со попреченост се запишаа во програмата, а 87% изјавија дека ги исполниле своите цели или желби за курсот.

- Во 2022 г., Владата го дополни ***Законот за праведна работа од 2009 г. (Fair Work Act 2009)*** за да им даде на вработените повеќе можности да бараат флексибилна работа и да го направи правото за барање флексибилни работни аранжмани како извршно право. Оваа промена ќе биде од корист за сите работници кои ги исполнуваат условите, вклучувајќи ги и работниците со попреченост.

Австралиската комисија за јавниот сектор (Australian Public Service Commission) продолжува да подготвува и спроведува иницијативи за **подобрување на вработувањето на лицата со попреченост во австралискиот јавен сектор**. Австралиската комисија за јавниот сектор презема проект за откривање, за да утврди колку е изводливо спроведувањето на релевантните препораки на Кралската комисија за попреченост во австралискиот јавен сектор.

# Ставови во одговор на препораките

Овој дел ги вклучува ставовите на австралиската влада како одговор на 172 препораки кои се нејзина главна или заедничка одговорност. Овде не се вклучени одговори на 50-те препораки, кои се единствена одговорност на владите на државите и териториите.

Детални одговори на секоја препорака може да се најдат во целосниот Одговор на австралиската влада до Кралската комисија за попреченост, кој е достапен на www.dss.gov.au/DRC-Aus-Gov-Response.

| Термини/зборови во одговорите и дефиниции | |
|---|---|
| **Став во одговорот** | **Дефиниција** |
| **Се прифаќа** | Препораката се прифаќа / поддржува во целост. |
| **Се прифаќа во принцип** | Се прифаќа / поддржува севкупната намера на начелото, но може да се разгледаат различни пристапи за негово спроведување. |
| **Се забележува** | Се користи за препораки каде што не би било соодветно да се наведе прифаќање или отфрлање на препораката, можеби затоа што таа не е одговорност или во надлежност на начелото на австралиската влада. |
| **Предмет на дополнително разгледување** | Покажува дека австралиската влада сè уште ја разгледува препораката. Ова може да се должи на потребата да се чека исходот од поврзани истраги или да се дозволи понатамошна консултација и соработка за да се подготви одговорот. |

Ве молиме имајте предвид дека првата препорака во завршниот извештај на Кралската комисија е Препораката 4.1. Според тоа, одговорите започнуваат од Препораката 4.1.

| Дел 4: Остварување на човековите права на лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 4.1 – 4.22: Воведување на Закон за правата на лицата со попреченост | Предмет на дополнително разгледување |
| 4.23 – 4.34: Реформа на Законот за дискриминација на лицата со попреченост | Се прифаќа во принцип |

| Дел 5: Управување за вклучување на лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 5.1: Изработка на Национален договор за попреченост | Предмет на дополнително разгледување |
| 5.2: Преглед и ажурирање на Австралиската стратегија за лица со попреченост | Се прифаќа |
| 5.4: Преглед на националните договори, стратегии и планови | Се прифаќа во принцип |
| 5.5: Формирање на Национална комисија за попреченост | Предмет на дополнително разгледување |
| 5.6: Нови аранжмани за управување во областа на попреченоста | Се забележува |
| 5.7: Спроведувањето на *CRPD* да биде централна точка во сите јурисдикции | Се прифаќа во принцип |

| Дел 6: Овозможување на автономија и пристап | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 6.1: Национален план за пристапни комуникации | Се прифаќа во принцип |
| 6.2: Зголемување на бројот на преведувачи за австралискиот знаковен јазик (Auslan) | Се прифаќа во принцип |
| 6.3: Пристап до искусни и квалификувани преведувачи | Се прифаќа во принцип |
| 6.6: Поддржани принципи за донесување одлуки | Се прифаќа во принцип |
| 6.19: Собирање податоци за механизмите за поддршка и застапување | Се прифаќа во принцип |
| 6.20: Интерпретативна изјава | Предмет на дополнително разгледување |
| 6.21 – 6.23: Застапување | Се прифаќа во принцип |
| 6.24 – 6.25: Капацитет на здравствениот систем во однос на лицата со когнитивна попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 6.26: Проширување на улогата на Собирот на министрите за здравство (Health Ministers | Се прифаќа во принцип |

| Дел 6: Овозможување на автономија и пристап | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| Meeting) за следење на развојот на капацитетите на здравствените работници | |
| 6.27: Воспоставување на редовно известување за напредокот од страна на телата за акредитација | 6.27 (a) и (b): Се прифаќаат во принцип<br>6.27 (c): Се прифаќа |
| 6.28: Подобрување на пристапот до клиничко стажирање во здравствените установи за лица со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 6.29: Подобрување на обуката и континуиран професионален развој на специјалисти од областа на здравствена нега за лица со когнитивна попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 6.30: Проширување на активностите на Националниот центар за извонредност (National Centre of Excellence) во областа на здравствени услуги за лицата со интелектуална попреченост | Се забележува |
| 6.31: Вклучување на правото на правичен пристап до здравствените услуги во клучните политички инструменти | 6.31a - Се прифаќа<br>6.31b – Се прифаќа во принцип |
| 6.32: Зголемување на капацитетот за обезбедување поддршка и адаптација преку подобрени насоки, финансирање и достапни информации | Се прифаќа во принцип |
| 6.34: Воведување „навигатори“ за здравствени услуги за лицата со попреченост за да им се помогне да се снаоѓаат во системот за здравствената заштита за лица со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 6.37: Собирање податоци и јавно известување за психотропни лекови | Се прифаќа |
| 6.38: Зајакнување на базата на докази за намалување и отстранување на рестриктивните практики | Се прифаќа во принцип |
| 6.39 – 6.40: Рестриктивни практики | Се прифаќа во принцип |
| 6.41: Законска забрана за нетерапевтска стерилизација | Предмет на дополнително разгледување |

| Дел 7: Инклузивно образование, вработување и домување | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 7.2, 7.3, 7.6, 7.13: Инклузивно образование | Се прифаќа во принцип |
| 7.8, 7:10: Способности на образовниот кадар и управување со жалби | Се прифаќа во принцип |
| 7.9, 7.12: Податоци, евиденција и финансирање во образованието | Се прифаќа во принцип |
| 7.14 – 7.15: Постепено намалување на образованието во нередовни и посебни училишта | Се забележува |
| 7.16: Приоритети за вклучување во новиот модел на Службите за вработување на лица со попреченост | Се прифаќа |
| 7.17: Подготвување на ресурси за образование и обука на персоналот во Службите за вработување на лица со попреченост | Се прифаќа |
| 7.18 – 7.23: Вработување на лица со попреченост во јавниот сектор | Се прифаќа во принцип |
| 7.24: Организирање на Совет за работничките права на лицата со попреченост (Disability Employment Rights Council) | Се забележува |
| 7.25: Измена на *Законот за праведна работа од 2009 г.* (Комонвелт на Австралија) | Се прифаќа во принцип |
| 7.26: Измена на *Законот за дискриминација на лица со попреченост од 1992 г.* (Комонвелт на Австралија) | Се прифаќа во принцип |
| 7.27: Овозможување на механизам за упат до Омбудсманот за праведна работа (Fair Work Ombudsman) | Се прифаќа |
| 7.28: Подобрување на информациите за плати и Пензијата за лица со попреченост (Disability Support Pension) | Се прифаќа |
| 7.29: Вклучување на пристапот „вработувањето во отворена работна средина е на прво место“ (‘open employment first’) во Стратегијата за вработување на корисниците на NDIS | Се прифаќа |

| Дел 7: Инклузивно образование, вработување и домување | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 7.30: Поддршка за транзиција кон инклузивно вработување | Се прифаќа во принцип |
| 7.31: Зголемување на платите кои се под минималната граница на исплата | Предмет на дополнително разгледување |
| 7.32: Ставање крај на сегрегираното вработување до 2034 г. | Предмет на дополнително разгледување |
| 7.33: Давање приоритет на лицата со попреченост во клучните национални методи за домувањето и бездомништвото | Се прифаќа во принцип |
| 7.34: Вклучување на бездомништвото во Австралиската стратегија за лица со попреченост | Се прифаќа |
| 7.39: Спречување на бездомништвото кога лицата со попреченост напуштаат служби или институции | Се прифаќа во принцип |
| 7.40: Интегрирање на проблемот на бездомништво меѓу лицата со попреченост во Националниот план за домување и бездомништво (National Housing and Homelessness Plan) | Предмет на дополнително разгледување |
| 7.41: Реформа на групните домови | Се прифаќа во принцип |
| 7.42: Подобрување на пристапот до алтернативни можности за домување | Се прифаќа во принцип |
| 7.43 – 7.44: Реформа на групните домови | Предмет на дополнително разгледување |

| Дел 8: Кривичната правда и лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 8.2: Подигање на свеста за попреченост во склоп на OPCAT надгледувањето | Се прифаќа во принцип |
| 8.11: Информации за судовите и правниците | Се прифаќа во принцип |
| 8.12: Спроведување на Националните принципи (National Principles) | Се прифаќа во принцип |

| Дел 8: Кривичната правда и лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 8.13: Податоци за лица приведени во форензичките системи | Се прифаќа во принцип |
| 8.17: Применети принципи на NDIS и Табели со поддршка кои се однесуваат на правосудниот систем | Предмет на дополнително разгледување |
| 8.18: Време на давање на финансирана поддршка од NDIA при транзиција | Се прифаќа |
| 8.19: Дополнување на *Законот за дискриминација на лицата со попреченост од 1992 г.* (Комонвелт на Австралија) за да се опфатат „услугите“ кои ги нуди полицијата | Се прифаќа во принцип |
| 8.20: Подобрување на полициските реакции кон лицата со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 8.23: Акциски план за отстранување на насилството врз жените и децата со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 8.24: Дефиниција за семејно и домашно насилство во која се вклучени лицата со попреченост | Се прифаќа во принцип |

| Дел 9: Лица со попреченост од Првите народи | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 9.4: Проширување на програмите за поврзување со заедницата преку лица специјално назначени за тоа (community connector programs) | Се прифаќа |
| 9.5: Блок финансирање (block funding) на секторот контролиран од заедницата | Се прифаќа во принцип |
| 9.6: Одбор на Националната агенција за осигурување на лица со попреченост (National Disability Insurance Agency Board) | Се прифаќа во принцип |
| 9.7: Учество во културниот живот | Се прифаќа во принцип |
| 9.8 – 9.9: Начела и финансирање на поддршките од NDIS за враќање кон Земјата и семејството | Се прифаќа во принцип |

| Дел 9: Лица со попреченост од Првите народи | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 9.10: Форум на лица со попреченост од Првите народи | Се прифаќа во принцип |
| 9.11: Надградување на Планот за зајакнување на секторот за попреченост (Disability Sector Strengthening Plan) | Се прифаќа во принцип |
| 9.12: Стандарди за културна безбедност во кои се вклучени лицата со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 9.13: Развој на работната сила во оддалечени региони | Се прифаќа во принцип |

| Дел 10: Услуги за лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 10.1: Вклучување на човековите права | Се прифаќа во принцип |
| 10.2: Координирање на поддршката за самостојно живеење | Се прифаќа во принцип |
| 10.3: Координирање на соодветна поддршка | Се прифаќа |
| 10.4: Координирање на квалитетот на поддршка | Се прифаќа во принцип |
| 10.5: Застапување | Се прифаќа во принцип |
| 10.6 - 10.7: Поддржано донесување на одлуки во службите за услуги за лица со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 10.8: Национална програма за евидентирање на работници за поддршка на лицата со попреченост | Предмет на дополнително разгледување |
| 10.9: Колективен работен договор за службите за социјални услуги, услуги во заедницата, нега во домот и услуги за лицата со попреченост (Social, Community, Home Care and Disability Services Industry Award) | Се забележува |
| 10.10: Давател на услуги во краен случај | Се прифаќа во принцип |
| 10.11: Внатрешни процедури за следење на пријавени инциденти. | Се прифаќа во принцип |

| Дел 10: Услуги за лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 10.12: Воведување на определби за класа и вид (class or kind determinations) | Се прифаќа во принцип |
| 10.13: Формирање на панел од независни инспектори | Се прифаќа во принцип |
| 10.14: Подготвување на модел на начела и процедури | Се прифаќа во принцип |
| 10.15: Водич за справување со жалби и истражна пракса | Се прифаќа во принцип |
| 10.16: Барање за разгледување на оштета | Се прифаќа во принцип |
| 10.17: Пристап до заштитни показатели и експерти | Се прифаќа во принцип |
| 10.18: Подобрени процедури за справување со жалби и одговори | Се прифаќа во принцип |
| 10.19: Обврска за испитување на одредени жалби | Се прифаќа во принцип |
| 10.20: Овозможување достапност на процесот за жалби | Се прифаќа |
| 10.21: Процес на пријавување и ревизија | Се прифаќа во принцип |
| 10.22: Зајакнување на регулаторните барања | Се прифаќа во принцип |
| 10.23: Објавување на податоци за пазарот на непријавени даватели на услуги | Се прифаќа |
| 10.24: Подобар пристап до специјалисти за поддршка во однесувањето | Се прифаќа во принцип |
| 10.25: Засилено следење, усогласеност и спроведување | Се прифаќа во принцип |
| 10.26: Поголемо известување и објавување на податоци | Се прифаќа во принцип |
| 10.27: Зајакнување на разузнавачките капацитети | Се прифаќа во принцип |
| 10.28: Размена на информации помеѓу пропишаните органи | Се прифаќа во принцип |

| Дел 10: Услуги за лицата со попреченост | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 10:29: Основање на Единица за Првите народи (First Nations Unit) | Се прифаќа во принцип |
| 10.30: Активности за ангажман и градење капацитети | Се прифаќа во принцип |
| 10.31 – 10.33: Инспекција на работници | Се прифаќа во принцип |

| Дел 11: Независни механизми за надзор и жалби | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 11.1 -11.2: Заштита на возрасни лица | Предмет на дополнително разгледување |
| 11.4: Создавање достапни канали за поплаки | Се прифаќа во принцип |
| 11.5: Насоки за справување со жалби и истражувачки практики | Се прифаќа во принцип |
| 11.6: Заштита на главните одредби на OPCAT со законодавството | Се прифаќа во принцип |
| 11.7: Обезбедување ресурси и пошироко дефинирање на местата на притвор | Се прифаќа во принцип |
| 11.10: Подобрена конзистентност и координација | Се прифаќа во принцип |
| 11.11: Пристап кој ги вклучува лицата со попреченост во спроведувањето на OPCAT | Се прифаќа во принцип |
| 11.12 – 11.13: Програма за посетители во заедницата | Се прифаќа во принцип |
| 11.16: Национален договор за преглед на смртни случаи на лица со попреченост | Предмет на дополнително разгледување |
| 11.18: Дупло следење на однесување и инциденти што треба да се пријават | Се прифаќа во принцип |

| Дел 12: По Кралската комисија | |
|---|---|
| **Наслов на препорака** | **Одговор на Австралиската влада** |
| 12.1: Одговор на Владата на Завршниот извештај | Се прифаќа во принцип |
| 12.2: Спроведување на препораките од Завршниот извештај | Се прифаќа во принцип |
| 12.3: Известување за напредокот во спроведувањето на препораките | Се прифаќа во принцип |
| 12.4: Проценка на ефективноста во подобрувањето на резултатите | Се прифаќа во принцип |
| 12.5: Национално конзистентен пристап кон собирањето податоци | Се прифаќа во принцип |
| 12.6: Индикатори за попреченост при собирање податоци за редовните служби | Се прифаќа во принцип |
| 12.7: Подобрување на собирањето податоци за лица со попреченост | Се прифаќа во принцип |
| 12.8: Долгорочна поддршка за Националната датотека за лица со попреченост | Се прифаќа во принцип |